До

ЈУ НП Маврово

Маврови Анови

**ПРЕДМЕТ**: Барање за изземање од авторство на Студија за ревалоризација

на заштитено подрачје Маврово

Во рамките на проектот „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во Национален Парк Маврово“, кој траеше во периодот од 2008-2011 година, се изработи Студија за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово.

Јас, како научен координатор на тој сегмент од проектот, бев задолжена да ги координирам активностите околу ангажман на експерти од најразлични области, како и организирање на работилници и јавни дебати на кои се дискутираше за секој сегмент од поглавијата во Студијата. Своите обврски, во потполност со барањата на проектот, ги завршив најодговорно и најпрофесионално. Крајниот производ на сето тоа беше Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје, од која потоа произлезе и Менаџмент Планот за истото подрачје.

Изработката на овој документ беше со ангажман на 32 експерти, со неколку работилници и јавни дебати, односно на еден најтранспрентен начин беше произведена и Картата со зони на заштита во ова заштитено подрајче.

Финалниот документ е предаден и заведен во архивата на ЈУ НП Маврово под број 01121/2 од 23.01.2013 година.

Во међувреме е произведен нов документ, во кој сеуште стои моето име како научен координатор, а кој документ има различна содржина, односно страна 29 недостасува, а на стр. 401 стои друга карта со зони на заштита. Исто така стојат и други површини во однос на зоната на строга заштита.

Ве информирам дека јас исклучиво го поддржувам документот од 2013 година и стојам одговорно позади него, а новиот и видоизмент документ, на кој стои моето име, НЕ го поддржувам и сметам дека е злоупотребено моето авторско право.

Се надевам дека ќе изнајдеме начин да го надминеме ова недоразбирање.

Со почит,

Проф. д-р Македонка Стојановска